

*ОТВОРЕН МУЗЕЈОТ НА СОВРЕМЕНАТА УМЕТНОСТ.* — Денес во чест на годишнината од ослободувањето на Белград, кај устието на Сава и Дунав во Нов Белград, на свечен начин е отворен Музејот на современата уметност.

На отворањето на музејот присуствуваше потпретседателот на Републиката Александар Ранковиќ, потоа Мијалко Тодоровиќ, Коча Поповиќ, Јован Веселинов, Драги Стаменковиќ, Блажо Јовановиќ, амбасадори на повеќе земји акредитирани во Белград, семејствата на загинатите советски ветерани во минатогодишната авионска несреќа кај Авала и повеќе културни и јавни работници од Белград и републичките центри.

Музејот на современата уметност во Белград е замислен како панорама на југословенското ликовно творештво, сликарството, графиката и скулптурата на нашиот век. Тука ќе се наоѓаат експонати на најпознатите наши уметници во изминатите седум децении.

Р. К.